To the Annual Assembly of Shareholders of the Company for production of paper and packaging DS SMITH AD Skopje

До Годишното Собрание на акционери на Друштво за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ АД Скопје

# REPORT
of
the Supervisory Board for approval of the performance and conduct of operations in the Company for 2022

# ИЗВЕШТАЈ
на
Надзорниот одбор за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото во 2022 година

The Supervisory Board of the Company for production of paper and packaging DS SMITH AD Skopje, in accordance with provisions of the Law on Trade Companies and the Statute of the Company as a body assigned to monitor the work process and supervise the work of the Management Board of the Company, during 2022 worked entirely in accordance with the Law on Trade Companies and the provisions of the Statute of the Company, wherein most conscientiously, most responsible and completely in continuity monitored the work of the Management Board of DS SMITH AD Skopje.

Надзорниот одбор на Друштвото за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ АД Скопје, во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото како орган задолжен да ја следи работата и да врши надзор врз работата на Управниот одбор, во текот на 2022 година работеше целосно во согласност со Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото, при што најсовесно, најодговорно и целосно во континуитет ја следеше работата на Управниот одбор на ДС СМИТХ АД Скопје.

## 1. Monitoring over the management and administration of the Company during 2022

During 2022 the Supervisory Board in accordance with the provisions of the Statute of the Company was regularly informed of the overall operation of the Company, has been presented in all segments, regularly monitored the financial reports and the conditions whereby performed comparisons with the results from previous years having in mind the overall conditions in the economy.

## 1. Следење над управувањето и раководењето со Друштвото во текот на 2022 година

Во текот на 2022 година Надзорниот одбор согласно одредбите од Статутот на Друштвото редовно беше информиран за целокупното работење на Друштвото, вршеше увид во сите сегменти на работењето, редовно ги следеше финансиските извештаи и состојби при што вршеше споредби со остварените резултати од претходните години имајќи ги во предвид целокупните состојби во стопанството.

## 2. Control of the management and administration of the Company in 2022

The Supervisory Board during 2022 held 6 (six) meetings and regularly reviewed the operations of the Company for the past period, and gave proposals and approvals of it's jurisdiction to the Management Board in accordance with the Statute of the Company on a regular basis.

## 2. Контрола над управувањето и раководењето со Друштвото во 2022 година

Надзорниот одбор во текот на 2022 година одржа 6 (шест) седници на кои редовно го разгледуваше работењето на Друштвото за изминатиот период, даваше редовно предлози и согласности на Управниот одбор од својата надлежност согласно Статутот.

On the held meetings, the Supervisory Board reviewed and discussed all significant issues within the scope of its authorizations, and foremost reviewed the unaudited single financial statements and unaudited consolidated financial statements for the previous year, as well as the quarterly periods.

На одржаните седници Надзорниот одбор ги разгледа и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања, а пред се расправаше за неревидираните единечни финансиски извештаи и неревидираните консолидирани финансиски извештаи за претходната година, како и за кварталните периоди.

At the meetings where the agenda was reviewing the unaudited single financial statements and the unaudited consolidated financial statements for the previous year, upon invitation, the President of the Management Board and the managers of the relevant expert services took their participation, in order to elaborate in detail about the stated positions from the submitted financial reports, so that the Supervisory Board can decide accordingly.

На седниците на кои дневен ред беше разгледување на неревидираните единечни финансиски извештаи и неревидираните консолидирани финансиски извештаи за претходната година, по покана свое учество земаа Претседателот на Управниот Одбор и раководните лица од соодветните стручни служби, со цел подетално да се образложат стекнатите позиции од доставените финансиски извештаи, да би можел Надзорниот одбор соодветно да одлучува.

The Supervisory Board, upon the regularly conducted insight of the Annual Report on the performance of the Company for the period from January-December 2022, concluded that the performance of the Company, as well as the management of the work process had been conducted satisfactory.

Надзорниот одбор по извршениот редовен увид на Годишниот Извештај за работењето на Друштвото за периодот од јануари-декември 2022 година констатира дека работењето на Друштвото, како и водењето на работењето со истото е извршено задоволително.

On the basis of the Report and all financial information, it is hereby established that the Company has improved results from the Production of cardboard and cardboard packaging (wide assortment of plates, boxes and agricultural crates). Namely, the production of cardboard and cardboard packaging has increased its results of operations and the sales revenues compared to the previous year 2021, both on the domestic market and in the export abroad.

Врз основа на Извештајот и сите финансиски податоци е утврдено дека Друштвото бележи подобри резултати од Производство на картонски плочи и картонска амбалажа (широк асортиман на плочи, кутии и земјоделски гајби). Имено, производството на картонски плочи и картонска амбалажа бележи раст во резултатите од работењето и приходите од продажба споредбено со претходната 2021 година, како на домашниот пазар така и при извозот во странство.

The export of old paper continued and shows worse performance results in comparison with the previous year 2021, due to the decrease of the quantities of purchased old paper as well as sold balled paper.

Извозот на стара хартија продолжи и бележи полоши резултати во работењето споредбено со претходната 2021 година, поради намалување на количините на откупена стара хартија како и продадена балирана хартија.

For the last 2022, as of 31.12.2022 the Company realized net profit of 683.711,53 €.

За минатата 2022 година, заклучно со 31.12.2022 година Друштвото оствари нето добивка од 683.711,53 евра.

In the past year, the Company had successful supervisory audit on the following standard:

- FSC Chain of Custody Certification standard,

as well as control audits for standards:

- Quality Management System ISO 9001: 2015
- Environmental Management System ISO 14001: 2015
- Occupational Health and Safety Management system ISO 45001: 2018
- Energy Management System ISO 50001: 2018.

Additionally, the following Group standards related to quality have been implemented:

- Right First Time Production
- New product introduction.

In 2022, the GHS 013 CCTV standard was published by DS Smith.

During 2022, the following activities were undertaken to increase the safety:

- Installed 3D radars, the highest technological achievement in machine protection, on the Marzi box gluing machine.
- Installed guardrails in the baling drive of the Shredder machine.
- Installed protective fences on Curioni 2800 finishing machine.
- Created project for setting up additional protections on a Jinya finishing machine.
- Created project and the start od the installation of protective fences on the Moska palletizer.
- Organized and marked the World Safety Day on April 28.
- Organized safety week under the motto My Commitment to Health and Safety.
- On 02.09.2022, 500 days were marked without injury at the workplace.
- Organized 6 educational sessions (theoretical and practical) on the topic of handling in case of fire.

Во изминатата година Друштвото имаше успешен надзорен аудит по следниот стандард:

- FSC Chain of Custody Certification standard,

како и контролни аудити за стандарди:

- Quality Management System ISO 9001: 2015
- Environmental Management System ISO 14001: 2015
- Occupational Health and Safety Management system ISO 45001: 2018
- Energy Management System ISO 50001: 2018.

Дополнително, имплементирани се следните стандардите на групацијата поврзани со квалитет:

- Right First Time Production
- New product introduction.

Во 2022 година од страна на ДС Смитх публикуван е стандардот GHS 013 CCTV.

Во 2022 година спроведени се следните активности во подобрувањето на безбедноста:

- Инсталирани 3D радари највисоко технолошко достигнување во заштита на машини на машината за лепење на кутии Марзи.
- Инсталирани заштитни огради во погонот за балирање на машината Шредер.
- Инсталирани заштитни огради на доработна машина Curioni 2800.
- Изработен проект за поставување на дополнителни заштити на доработна машина Jinya.
- Изработен проект и започнато со поставување на заштитни огради на палетизер Моска.
- Организиран и одбележан светски ден на безбедност 28 Април.
- Организирана недела за безбедност под мотото My Commitment to Health and Safety.
- На 02.09.2022 одбележени 500 денови без повреда на работно место.

- In cooperation with the Red Cross of Macedonia, organized and conducted trainings for giving First Aid and using a Defibrillator.
- From October 24 to 28, the European Safety Week was organized and implemented.

- Организирани 6 едукативни сесии ( теоретски и практични) на тема постапување во случај на пожар.
- Во соработка со Црвениот Крст на Македонија организирани и спроведени обуки за давање на Прва Помош и ракување со Дефибрилатор.
- Од 24 до 28 октомври организирана и спроведена Европска недела за безбедност.

Additionally, in order to improve the work processes, the following activities were conducted:

- Installation of a waste water flow meter.
- Activation of preheaters on the Velpap machine to improve product quality.
- Installation of a new production machine in the finishing section, which will increase production in the section of stamped boxes,
- Installing a new splicer for automatic roll change on head 2.
- Created an online survey to examine the satisfaction of buyers in Macedonian and English (with a filling time of up to 5 minutes).

Дополнително, со цел унапредување на процесите на работење, спроведени се следните активности:

- Инсталирање на мерач на проток на отпадна вода.
- Активирање на предгрејачи на Велпап машината за подобрување на квалитетот на производот.
- Инсталирање на нова машина во производство во доработниот дел со што ќе се зголеми продукцијата во делот на штанцаните кутии,
- Инсталирање на нов сплајсер за автоматска промена на ролни на глава 2.
- Изработена on-line анкета за испитување на задоволството на купувачите на македонски и англиски јазик (со време на пополнување до 5 мин).

Significant investments realized during 2022 that had an impact on the financial results are the following:

- Automatic palletizer with stretch film - Strecher Wrapping OMS – 82,266 €
- SPLICER BHS on Velpap head two – 62,000 €
- Velpap Pusher Conveyor machine – 54,843 €
- Automatic strapping of pallets with finished product - Mosca Strapper – 37,013 €
- Palletizer from Slovenia – 24,985 €
- Safety protection of ONDA and MARZI machines – 19,126 €
- Steam heaters – 3,000 €
- Surveillance video cameras – 1,338 €.

Значајни инвестиции реализирани во текот на 2022 година кои што имаа влијание врз финансискиот резултат се следниве:

- Автоматска моталица за палетизација со стреч фолија - Strecher Wrapping OMS – 82,266 €
- SPLICER BHS на глава два на Велпап – 62,000 €
- Машина Pusher Conveyor на Велпап – 54,843 €
- Автоматска врзувачка на палети со готов производ - Mosca Strapper – 37,013 €
- Палетизер од Словенија – 24,985 €
- Безбедносна заштита на машините ONDA и MARZI – 19,126 €
- Парни калорифери – 3,000 €
- Надзорни видео камери – 1,338 €.

According to the conclusion of the Supervisory Board, the Management Board during the working process correctly identified the current economic conditions and properly took measures for successful operation and increase of the productivity of the production process.

The conclusion of the Supervisory Board of the Company is that according to the work of the Management Board and it's President, who also acts in the capacity of First General Manager of the Company, with maximum engagement of the members of the Management team, under his direction, and all other participants in the process of operation, DS SMITH AD Skopje maintained the credibility and reputation of the DS SMITH Group in Republic of North Macedonia.

## 3. Report on the operation of the Internal Audit Service

Pursuant to Article 415-c of the Law on Trade Companies, the Internal Audit Service as an independent organizational unit of the Company submitted an Annual Report on its operation for 2022 and at the session held on 01.02.2023 the Supervisory Board reviewed the Annual Report on the activities of the Internal Audit Service for the period 01.01 – 31.12.2022.

The Annual Report presents the activities of the Internal Audit Service, performed in the period January-December 2022 in accordance with the adopted Annual Plan on the activities of the Internal Audit Service in 2022.

The Annual Report on the activities of the Internal Audit Service for the period 01.01 – 31.12.2022 contains the following information:

- Description of the conducted audits of the Company's operation;
- Evaluation of adequacy and effectiveness of the internal control systems;
- Internal Audit Service findings and proposed recomendations;
- Evaluation of implementation of the recomendations proposed by the Internal

Според констатација на Надзорниот одбор, Управниот одбор во текот на работењето правилно ги согледуваше тековните услови на стопанисување и правилно превземаше мерки за успешно работење и зголемување на продуктивноста на производниот процес.

Заклучок од страна на Надзорниот одбор на Друштвото е дека согласно работата на Управниот одбор и неговиот Претседател кој воедно ја има функцијата на Прв Генерален директор на Друштвото со максимално ангажирање на членовите на Менаџерскиот тим, под негово раководство и сите останати учесници во целокупниот процес на работење, ДС СМИТХ АД Скопје го одржа кредибилитетот и реномето на Групацијата ДС СМИТХ во Република Северна Македонија.

## 3. Извештај од работењето на Службата за внатрешна ревизија

Согласно чл.415-в од Законот за трговските друштва Службата за внатрешна ревизија како независна организациска единица во Друштвото поднесе Годишен извештај за својата работа за 2022 година и на седницата одржана на ден 01.02.2023 година Надзорниот одбор го разгледа Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во периодот 01.01 – 31.12.2022 година.

Во Годишниот извештај презентирани се активностите на Службата за внатрешна ревизија, извршени во периодот јануари-декември 2022 година во согласност со усвоениот Годишен План за активностите на Службата за внатрешна ревизија во 2022 година.

Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во периодот 01.01 – 31.12.2022 година ги содржи следните информации:

- Опис на извршените ревизии на работењето на Друштвото;
- Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- Наоди и предложени мерки на Службата за внатрешна ревизија;
- Оценка на спроведување на мерките

Audit Service; and

- Assessment of the realization of the aims contained in the annual operation plan;
- Assessment of the planned control time and the eventual ceding; and
- Other Internal Audit Service activities for the period 01.01 – 31.12.2022.

предложени од страна на Службата за внатрешна ревизија; и

- Оцена на реализацијата на поставените цели со годишниот план за работа;
- Оцена за планираното време за контрола и евентуалното отстапување; и
- Останати активности на Службата за внатрешна ревизија во текот на периодот 01.01 – 31.12.2022 година.

The Supervisory Board is of the opinion that the Annual Report on the activities of the Internal Audit Service for the period 01.01 – 31.12.2022 is quality, comprehensive and objective and provides a comprehensive overview and summary of performed audits, which in terms of volume and dynamics are in accordance with the approved Annual Plan on the activities of the Internal Audit Service in 2022.

Надзорниот одбор е на мислење дека Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во периодот 01.01 – 31.12.2022 година е квалитетен, сеопфатен и објективен и дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии, кои по обем и динамика се во согласност со одобрениот Годишен План за активностите на Службата за внатрешна ревизија во 2022 година.

At the session held on 01.02.2023, the Supervisory Board adopted a Decision approving the Annual Report on the activities of the Internal Audit Service for the period 01.01 – 31.12.2022.

На седницата одржана на ден 01.02.2023 година Надзорниот одбор донесе Одлука со која го одобри Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во периодот 01.01 – 31.12.2022 година.

The Annual Report on the activities of the Internal Audit Service for the period 01.01 – 31.12.2022 is enclosed to this Report of the Supervisory Board for for approval of the performance and conduct of operations in the Company for 2022 and it shall be submitted to the Shareholders Assembly of DS SMITH AD Skopje.

Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во периодот 01.01 – 31.12.2022 година е прилог кон овој Извештај на Надзорниот одбор за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото во 2022 година и истиот се доставува на увид на Собранието на акционери на ДС СМИТХ АД Скопје.

## 4. Results of the economic - financial revision conducted by the ERNST AND YOUNG Authorized Auditors DOO Skopje for 2022

## 4. Резултати од економско - финансиската ревизија извршена од ЕРНСТ И ЈАНГ Овластени Ревизори ДОО Скопје за 2022 година

In accordance with the Law on Trade Companies and the Decision of the Annual Assembly for 2022 for appointment of ERNST AND YOUNG Authorized Auditors DOO Skopje, a revision had been conducted of the economic and financial performance of the Company for 2022 by independent auditors authorized by the ERNST AND YOUNG Authorized Auditors DOO Skopje.

Согласно Законот за трговските друштва и Одлуката на Годишното Собрание за 2022 година за избор на ЕРНСТ И ЈАНГ Овластени Ревизори ДОО Скопје, извршена е ревизија на економско - финансиското работење на Друштвото за 2022 година од страна на овластените независни ревизори ЕРНСТ И ЈАНГ Овластени Ревизори ДОО Скопје.

The auditors Report is conducted in accordance with the Audit Law of the Republic of North Macedonia, the International Standards on Auditing and the relevant ethical standards that enabled the preparation and fair presentation of the financial position.

Извештајот на ревизорите е извршен во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија, Меѓународните стандарди за ревизија и релевантните етички стандарди кои овозможија изготвување и реално прикажување на финансиската состојба.

According to the opinion of the independent auditors the financial reports of DS SMITH AD Skopje show real and objective state, in all material respects, of the financial position of the Company as of 31.12.2022, as well as the results of the operations and cash flows for the past year in accordance with the audit regulations in the Republic of North Macedonia and the international standards for auditing.

Според мислењето на независните ревизори финансиските извештаи на ДС СМИТХ АД Скопје ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото на ден 31.12.2022 година како и резултатите од работењето и паричните текови за изминатата година во согласност со смеководствената регулатива во Република Северна Македонија и меѓународните стандарди за ревизија.

Along with the financial reports, the Supervisory Board in accordance with art.480 of the Law on Trade Companies reviewed and checked the Annual Statement of the Company for 2022 and the Annual Report for the performance of the Company for 2022, after which he proposes to the Annual Assembly of Shareholders of DS SMITH AD Skopje to adopt the necessary decisions for their adoption.

Надзорниот одбор заедно со финансиските извештаи согласно чл.480 од Законот за трговските друштва ги разгледа и провери Годишната сметка на Друштвото за 2022 година и Годишниот извештај за работата на Друштвото за 2022 година, по што на Годишното Собрание на акционери на ДС СМИТХ АД Скопје му предлага да ги усвои потребните одлуки за нивно усвојување.

The Supervisory Board, considering the operating conditions and the work, the engagement of the Management Board in 2022 fully performed the assigned duties referred to into the Law on Trade Companies and the Statute of the Company and proposes to the Annual Assembly of Shareholders of DS SMITH AD Skopje to positively evaluate their performance and the Company's operations for year 2022.

Надзорниот одбор, ценејќи ги условите за работење, како и работата и ангажманот на Управниот одбор, оцени дека Управниот одбор во 2022 година во целост ги исполни доверените задолженија дадени со Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото и му предлага на Годишното Собрание на акционери на ДС СМИТХ АД Скопје позитивно да го оцени неговото работење и работењето на Друштвото во целост во 2022 година.

**Enclosed:**

- Annual Report on the activities of the Internal Audit Service for the period 01.01 – 31.12.2022

**Прилог:**

- Годишен извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во периодот 01.01 – 31.12.2022 година

19.12.2023

Supervisory Board / Надзорен одбор
President and member / Претседател и член

Mr. Reiner Bastiaan Schlatmann / Реинер Бастиаан Шлатманн